Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë së Veriut
Универзитет на ЈИЕ во Тетово - Република Северна Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of North Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo

| Pranuar / Примено / Received | 30.09.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Nj.org. / Орг.един. / Org.unit | Numer / Број / No. | Shtojcë / Прилог / Attachment | Vlera / Вредност / Value |
| 03 | 3216/1 | 0 | |

**Влада на Република Северна Македонија**
**Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut**

Скопје/Shkup, 14 септември 2021 година/viti
Бр./Nr.: 40-9764/1

**ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**С К О П Ј Е**

Во прилог за извршување ви се доставува Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Компјутерски науки“ на Факултетот за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа-Тетово, донесено од Владата на Република Северна Македонија, под бр. 40-9764/1 од 14 септември 2021 година.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

SEKRETARI I PËRGJITHSHËM I QEVERISË SË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

**Мухамед Зекири/Muhamed Zeqiri**

**ПРИЛОГ: 1**

**ДОСТАВЕНО И ДО:**
- **Факултетот за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа-Тетово**
- **Агенцијата за квалитет во високото образование**

Подготвил: Христијан Николов
Проверил: Зоран Брњарчевски / м-р Биљана Цоневска
Контролирал: Љубица Р. Димовска / Снежана М. Пендовски
Согласен: Дејан Јакимовски

Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë së Veriut
Универзитет на ЈИЕ во Тетово - Република Северна Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of North Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo
Pranuar Примено Received 30.09.2021

| Nj.org. Орг.един. Org.unit | Numer Број No. | Shtojcë Прилог Attachment | Vlera Вредност Value |
|---|---|---|---|
| 03 | 3216/2 | 0 | |

Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 14 септември 2021 година, дава

# РЕШЕНИЕ

## за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Компјутерски науки“ на Факултетот за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Компјутерски науки“ на Факултетот за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

По добивање на Решение за акредитација бр. 1409-414/4 од 24.9.2020 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Универзитет на Југоисточна Европа – Тетово, се обрати со барање бр. 03-3075/2 од 28.10.2020 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, под бр. 08-196/1 од 30.10.2020 година, за утврдување на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Компјутерски науки“ на Факултетот за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр. 08-196/2 од 15.2.2021 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата, на ден 1.3.2021 година година, изврши увид и изготви Извештај бр. 08-196/3 од 31.3.2021 година, каде е наведено дека за студиската програма од трет циклус на студии по „Компјутерски науки“ на Факултетот за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа-Тетово, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

[1] 03-3216/2 [2021]

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Бр. 40-9764/1
14 септември 2021 година
Скопје

ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

dr. Artan Grubi